ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Крива Паланка 17.06.2023 год.**

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Состанокот се одржа на ден 17.06.2023 година во 18:00 часот во Голема Сала на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Командантот на Штабот Изабела Павловска.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Секретар на Општина Крива Паланка **Мартин Николовски**
- Директорот на ЈП „Комуналец" **Миле Марковски**
- Раководитл на подрачно одделение за заштита и спасување во Општина Крива Паланка **Митко Ангеловски**
- **Командирот на** ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- Директор на општински ученички дом „Боро Менков" **Бранко Тодоровски**
- Раководител подрачно одделение на центар за управување со кризи Општина Крива Паланка **Стојадин Гоговски**
- Раководител на одделение за општи и правни работи во Општина Крива Паланка **Даниела Велковска**
- Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Никола Граматиков**
- Раководител на одделение за човечки ресурси во Општина Крива Паланка **Игор Додевски**
- Директор на ЈЗУ Здравствен дом „Академик Проф. Д-р Димитар Арсов" - Крива Паланка **Бранко Стаменковски**
- Соработник во одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура во Општина Крива Паланка **Марјан Алексовски**

На состанокот беа пристни и лица кои не се членови на Кризниот штаб поради сериозноста од на настанатата состојба од обилните врнежи затоа штабот работеше во проширен состав.

На состанокот се дискутираше по следниве точки

1. **Согледување на актуелната состојба со обилните врнежи на територијата на Општина Крива Паланка;**
2. **Согледување и сумирање на преземените мерки по заклучоците донесени на состанокот на Општинскиот Кризен штаб одржан на 16.06.2023год.**
3. **Донесување на соодветни Заклучоци и препораки;**
4. **Разно;**

По согледување на актуелната состојба од обилните врнежи како и запознавање со ситуацијата на терени и преземените мерки за справување со надојдените води и појавата на свлечишта на територијата на Општина Крива Паланка од сите институции кои имаа добиено задолженија за постапување се започна со дискусија за преземени активности и работата на терен со соодветната механизација со која во моментот се располага. На состанокот беше кажано дека нај критичните точки во моментот се ставени пот контрола, но треба да се продолжи со работа за нивно целосна санирање и враќање во нормална функција.

По исцрпената дискусија и дадените известувања, согледувања и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беа донесени следните заклучоци:

1. **СЕ ЗАКАЖУВААТ** службите од Општина Крива Паланка до изготват и проследат Информација до Владата на РС Македонија за состанок на Управувачки комитет во понеделник до 10.00часот.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** ЈП Македонија пат заедно со професорите од Градежен факултет да достават до владата на РС Македонија информација со проценка за критичните свлечишта кај:
   - **Патот кон манастирот(стар пат)**
   - **Ул.Св.Јоаким Осоговски (кон саат маала)**
   - **Кошари**
   - **Село киселица**
3. СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈП Македонија пат ургентно во текот на утрешниот ден да изврши насип на речното корито,локации кај:
   - гратски зелен пазар и
   - -Сточен пазар
4. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ општинските служби и механизација да извршат итно оспособување на патпт од голема кривина кај манастирот – кон м.в.Црвена нива, за пристап на жиотелите од реон до кучите.
5. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ службите да извршат оспособување на пешачки мост на Крива Река кај:
   - Градски базен
   - Т.н.карчов мост
   - Мизовски ливади
   - Стамболици

6. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ ЈП комуналец и општински служби утре,18.06.2023, да извршат генералка на речното корито и површините во кејот, а ТППЕ да изврши повторно перење на кејските содржини.
7. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ службите утре да се изврши санација на локацијата кај Пашина Воденица, да се изврши интервенција и анализа на терен, да се вклучи и ЈП Македонски шумиПШС Осогово.
8. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ инжинери од Општина Крива Паланка заедно со Инжинерски вод на АРМ да санираат неколку селски патни правци кон:
   - с.Трново
   - с.Луке
   - с.Крстов дол и
   - с.Црцорија
9. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ градежните инжинери од општинските служби да потготват извештај со интервенирани и санирани проблеми и потреби и неопходни следни чекори.
10. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ ЈП Водостопанство интервентно да ги реши состојбите во речното на Крива Река на :
    - нас.Бегови Бавчи
    - нас.Мизовски ливади и
    - с.Стамболици
11. **СЕ ЗАДОЛЖУВА ГРАНИТ** во понеделник со 40 камиони до изврши насип на мост и корито од двете страни на реката во с.Стамболици.
12. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** службите од Општина Крива Паланка во понеделник да организират дезинфекција во кејот на реката и потребните локации.
13. **СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** службите да обезбедат информација – потврда од радарски систем на **УХМР** за климатски неповолен настан со цел обезбедување информација до Влада и за Управувачки комитет во понеделник.

Состанокот заврши во 19.30 часот.

**Крива Паланка 17.06.2023 година**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ КРИВА ПАЛАНКА**

**Командант,**

**Изабела Павловска, с.р.**